# З А П И С Н И К

Од Јавна расправа по
Студијата за оцена на влијание врз животната средина за :
Проект: Изградба на автопат
Делница: Миладиновци – Свети Николе - Штип

На ден 04.11.2011 год. (петок) во сала на општина Штип со почеток во 12:00 часот, се одржа Јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за изградба на автопат, делница : Миладиновци – Свети Николе - Штип. На јавната расправа присуствуваа:

- Влатко Цветаноски – Советник во одделение за оцена на влијание врз животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Наташа Јовановска - референт во одделението за докуменатција, Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Ана Петровска – Експерт за оцена на влијание, Чакар Партнерс;
- Сашка Богдановска - Агенција за државни патишта;
- Претставници од општина Штип.

Јавната расправа се одвиваше по следниот дневен ред:

1.Отварање и вовед.

Јавната расправа ја отвори Влатко Цветаноски. По претставување на присутните претставници од министерството, инвеститорот, изготвувачот на Студијата, Цветаноски ја образложи законската обврска за одржување на јавната расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина;

2. Експертот за оцена на влијание Ана Петровска на присутните им ја презентираше Студијата за ОВЖС за овој проект. Целта на проектот е изградба на делницата Миладиновци – Свети Николе – Штип. Трасата на автопатот се води како коловоз со две ленти со вкупна должина од 40 км од каде што тој продолжува како една коловозна лента паралелно со постојниот регионален пат куманово – Свети Николе – Штип, додека постојниот пат се адаптира како една лента за автопат. Експертот зазеде позитивен став кон изведбата на проектот и смета дека овој проект ке влијае на подобрувањето

на социо-економската состојба на локалното население во Централно источниот регион од земјава.

3. Дискусија

- Прашање: Методија Велевски од МЕД – постави прашање зошто не е објавена на веб страната на Министерството корегираната Студија за ОВЖС за проектот и дали во оваа презентирана Студијата се направени анализи и перддлог мерки на сензитивните подрачја, како и гнездилиштата на царски орли, анализи на солените почви и ендемичните видови растенија.

Одговор: На првиот дел од прашањето Цветаноски кажа дека не е запознаен со евентуалното необјавување на корегираната Студија и дека забелешката ќе се провери и дека доколку тоа не е сторено ќе се постави на веб страната.На вториот дел од прашањето експертот одговори дека во доработената верзија на Студијата обработени се во целост и биодиверзитетот и солените почви.

Прашање: Љупчо Шатевски новинар од Штип – постави прашање колку се скратува со оваа нова делница поточно колку се скратува со правецот Миладиновци - Скопје.

Одговор: Експертот за оцена на влијание Ана Петровска кажа дека во едната насока скратувањето е 20км а во другата 40км.

Јавната расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната Средина за изградба на делницата Миладиновци – Свети Николе – Штип заврши во 13 часот, со можност сите забелешки и сугестии да бидат доставени во писмена форма до МЖСПП.

**Записничар**
**Наташа Јовановска**